7322	**Радијатори за централно греење, неелектрично загревани, и нивни делови, од железо или челик; грејачи за воздух (вклучувајќи и дистрибутери кои можат да дистрибуираат свеж или пречистен воздух), неелектрично загревани, со вграден моторен вентилатор, и нивни делови, од железо или челик:**		
	-Радијатори и нивни делови:		
7322 11 00 00	**--Од леано железо**	15	kg
7322 19 00 00	**--Други**	15	kg
7322 90 00 00	-Друго	15	kg
7323	**Трпезни, кујнски и други производи за домаќинството и нивни делови, од железо или челик; волна од железо или челик; сунѓер за миење садови и перничиња за триење или полирање, нараквици и слично, од железо или челик:**		
7323 10 00 00	**-Волна од железо или челик; сунѓери за триење садови и перничиња за миење или полирање, нараквици и слично**	20	kg
	-Друго:		
7323 91 00 00	**--Од леано железо, неемајлирани**	20	kg

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав. %	Ед. мер.
1	2	3	4
7323 92 00 00	**--Од леано железо, емајлирани**	20	kg
7323 93 00 00	**--Од не'рѓосувачки челик**	20	kg
7323 94 00 00	**--Од железо (освен од леано железо) или челик, емајлирани**	20	kg
7323 99 00 00	**--Други**	23	kg
7324	**Санитарни предмети и нивни делови, од железо или челик:**		
7324 10 00 00	**-Сливници и лавабоа, од не'рѓосувачки челик**	15	kg
	-Кади:		
7324 21 00 00	**--Од леано железо, емајлирани или неемајлирани**	15	p/st
7324 29 00 00	**--Друго**	15	p/st
7324 90 00 00	**-Друго, вклучувајќи и делови**	15	kg
7325	**Други леани производи од железо или челик:**		
7325 10	**-Од нетемперирано леано железо:**		
7325 10 00 50	--Површински и вентилни кутии	15	p/st
	--Други:		
7325 10 00 92	---За системи за одводни води, води, итн.	15	kg
7325 10 00 99	---Други	сл	kg
	-Други:		
7325 91 00 00	**--Топки и слични производи за мелници**	сл	kg
7325 99	**--Други:**		
7325 99 10 00	---Од темперирано леано железо	сл	kg
7325 99 90 00	---Друго	15	kg
7326	**Други производи од железо или челик:**		
	-Отковки или отпресоци, понатаму необработувани:		
7326 11 00 00	**--Топки и слични производи за мелници**	сл	kg
7326 19	**--Други:**		
7326 19 10 00	---Ковани во отворен калап	сл	kg
7326 19 90 00	---Други	сл	kg
7326 20 00 00	**-Производи од железна или челична жица**	15	kg
7326 90	**-Друго:**		
7326 90 30 00	--Скали	15	kg
7326 90 40 00	--Палети и слични платформи за ракување со стоки	15	kg
7326 90 50 00	--Макари за кабли, цевки и слично	15	kg
7326 90 60 00	--Немеханички вентилатори, одводни корита, куки и слични производи кои се употребуваат во градежништвото	15	kg
	--Други производи од железо или челик:		
7326 90 92 00	---Ковано во отворен калап:	10	kg
7326 90 94 00	---Ковано во затворен калап	10	kg
7326 90 96 00	---Синтерувани	10	kg
	---Друго:		
7326 90 98 10	----Конектори за кабли со оптички влакна	7	kg
7326 90 98 30	----Перфорирани ведра и слични производи од лим што се употребуваат за пречистување на водата при влегување во системите за одвод	сл	kg
7326 90 98 50	----Кутии за ракија, кутии за цигари, кутии за козметика и пудра, и слични производи за во цеб	15	kg
7326 90 98 90	----Друго	10	kg

ГЛАВА 74

БАКАР И ПРОИЗВОДИ ОД БАКАР

Забелешка:

1. Во оваа глава под следниве поими се подразбираат:

(а) Рафиниран бакар:

Метал кој содржи бакар со чистота најмалку 99,85% по маса;

или

Метали со чистота најмалку 97,5% по маса на бакар, под услов содржината по маса на кој и да било друг елемент да не ја надминува границата дадена во следнава табела:

ДРУГИ ЕЛЕМЕНТИ

Елемент		Граница на содржина во проценти по маса
Ag	Сребро	0,25
As	Арсен	0,5
Cd	Кадмиум	1,3
Cr	Хром	1,4
Mg	Магнезиум	0,8
Pb	Олово	1,5
S	Сулфур	0,7
Sn	Калај	0,8
Te	Телур	0,8
Zn	Цинк	1
Zr	Циркониум	0,3
Други елементи (*), поединечно		0,3
(*) Други елементи, како на пример *Al, Be, Co, Fe, Mn, Ni, Si*		

(б) Легури на бакар:

Метални материи, освен нерафиниран бакар во кои бакарот преовладува по маса над секој друг елемент, под услов:

(*i*) содржината по маса најмалку на еден од тие други елементи да е над големините од претходно наведената табела;

или

(*ii*) вкупната содржина по маса на тие други елементи да надминува 2,5%.

(в) Предлегури:

Легури кои содржат со другите елементи повеќе од 10% (по маса) бакар, неупотребливи за механичка преработка и кои обично се употребуваат како додатоци во производството на други легури или како дезоксиденти, средства за отсулфурирање или за слични намени во металургијата на обоени метали. Меѓутоа, бакарфосфидот (фосфор-бакар), кој содржи повеќе од 15% фосфор по маса, се распоредува во тар. број 2848.

(г) Прачки:

Валани, екструдирани, влечени или ковани производи, кои не се во макари, и кои со целата должина се со ист напречен пресек во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или правилен конвексен многуаголник (вклучувајќи "плоснати кругови" и "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две се прави, со еднаква должина и паралелни). Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), триаголник или многуаголник можат да имаат по целата должина заоблени рабови. Дебелината на производите

што имаат правоаголен напречен пресек, (вклучувајќи "модифицирани правоаголници") треба да преминува една десеттина од ширината. Тој поим исто така опфаќа леани или синтерувани производи, со иста форма и димензија, што по производството се обработувани (освен со просто отсечување или симнување на површинскиот слој), под услов тие со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

Валалнички гредички и валалнички трупци со истенчени или на друг начин обработени краишта за да се олесни нивното влегување во машината заради нивна преработка, на пример, во валана жица или цевка, ќе се сметаат како суров бакар од тар. број 7403.

(д) Профили:

Валани, екструдирани, влечени, ковани или обликувани производи, во макари или не, со ист напречен пресек по целата должина, што не одговараат ниту на една од дефинициите за прачки, жица, плочки, лимови, ленти, фолии или цевки. Овој поим исто така опфаќа леани или синтерувани производи, со иста форма, што по произведувањето се обработувани (освен со просто отсечување или симнување на површинскиот слој), под услов тие со тоа да не добиваат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(ѓ) Жица:

Валани, екструдирани или влечени производи, во макари, кои по целата должина се со ист полн напречен пресек по целата должина во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат) рамностран триаголник или правилен "конвексен многуаголник" (вклучувајќи "плоснати кругови" и "модифицирани правоаголници" кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни). Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), триаголник или многуаголник можат да имаат по целата должина заоблени рабови. Дебелината на производите што имаат правоаголен напречен пресек (вклучувајќи и "модифицирани правоаголници") треба да преминува една десеттина од ширината.

(е) Плочи, лимови, ленти и фолии:

Производи со рамни површини (освен сурови производи од тар. број 7403) во макари или не, со полн напречен пресек во форма на правоаголник (освен квадрат), со или без заоблени рабови (вклучувајќи "модифицирани правоаголници", кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни) со еднаква дебелина, чии површини се:

- со правоаголна форма (вклучувајќи и квадрат), а дебелината не преминува една десеттина од ширината,
- со неправоаголна или неквадратна форма на која и да било големина, под услов да не добиваат карактер на предмети или производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

Тар. броеви 7409 и 7410, покрај другото, опфаќаат и плочи, лимови, ленти и фолии со шари (на пример, канали, ребра, бразди, помали испусти во форма на солзи и др.) и производи што биле дупчени, набрани, полирани, премачкани или превлечени под услов тие со тоа да не добиваат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(ж) Цевки:

Шупливи производи, во макари или не, со ист напречен пресек, со само една затворена шуплина по целата должина, во форма на круг, овал, квадрат, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или правилен конвексен многуаголник и со еднаква дебелина на ѕидот. Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или правилен конвексен многуаголник, што можат да имаат заоблени рабови по целата должина, исто така се сметаат како цевки под услов внатрешните и надворешните напречни пресеци да се концентрични и да имаат иста форма и правец. Цевките со споменатите напречни пресеци можат да бидат полирани, премачкани или превлечени, свиткани, со навои, дупчени, со стеснување, со проширување, конусни или снабдени со прирабници, манжетни или прстени.

Забелешка за тарифните подброеви:

1. Во оваа глава, под следниве поими се подразбираат:

(а) Легури врз база на бакар - цинк (месинг):
Легури на бакар и цинк, со или без други елементи. Ако легурата содржи и други елементи:
- цинкот да преовладува по маса над секој друг елемент,
- содржината на никелот да е помала од 5% по маса (види легури бакар-никел-цинк (никел сребро)), и
- содржината на калајот да е помала од 3% по маса (види легури на бакар и калај т.е. бронза).

(б) Легури на бакар - калај (бронза):
Легури на бакар и калај, со или без други елементи. Ако легурата содржи и други елементи, калајот преовладува по маса над секој друг елемент, освен кога содржината на калајот е 3% или повеќе, зашто тогаш содржината на цинкот по маса може да биде поголема од калајот, но помала од 10%.

(в) Легури на бакар - никел - **цинк (никелово сребро):**
Легури на бакар, никел и цинк, со или без други елементи. Содржината на никелот треба да е 5% или повеќе проценти по маса (види легури врз база на бакар и цинк т.е. месинг).

(г) Легури на бакар - никел:
Легури на бакар и никел, со или без други елементи при што содржината на цинкот не смее да биде поголема од 1%. Ако легурата содржи и други елементи, никелот преовладува по маса над секој друг елемент.

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав. %	Ед. мер.
1	2	3	4
7401 00 00 00	**Бакренец; цемент бакар (преципитат на бакар)**	сл	kg
7402 00 00 00	**Нерафиниран бакар; бакарни аноди за електролитичка рафинација**	сл	kg
7403	**Рафиниран бакар и легури на бакар, сурови:**		
	-Рафиниран бакар:		
7403 11 00 00	**--Катоди и секции на катоди**	10	kg
7403 12 00 00	**--Валалнички гредички**	сл	kg
7403 13 00 00	**--Валалнички трупци**	сл	kg
7403 19 00 00	**--Друго**	сл	kg
	-Легури на бакар:		
7403 21 00 00	**--Легури на бакар-цинк (месинг)**	сл	kg
7403 22 00 00	**--Легури на бакар-калај (бронза)**	сл	kg
7403 29 00 00	**--Други легури на бакар (освен предлегурите на бакар од тар. број 7405)**	сл	kg
7404 00	**Отпадоци и остатоци од бакар:**		
7404 00 10 00	-Од рафиниран бакар	сл	kg
	-Од легури на бакар:		
7404 00 91 00	--Од легури на бакар - цинк (месинг)	сл	kg
7404 00 99 00	--Друго	сл	kg
7405 00 00 00	**Предлегури на бакар**	сл	kg
7406	**Прав и лушпички, од бакар:**		
7406 10 00 00	**-Прав со неламеларна структура**	сл	kg
7406 20 00 00	**-Прав со ламеларна структура; лушпички**	сл	kg
7407	**Прачки и профили, од бакар:**		
7407 10 00 00	**-Од рафиниран бакар**	сл	kg
	-Од легури на бакар:		

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав. %	Ед. мер.
1	2	3	4
7407 21	**--Од легури на бакар-цинк (месинг):**		
7407 21 10 00	---Прачки	сл	kg
7407 21 90 00	---Профили	сл	kg
7407 29 00 00	**--Друго**	сл	kg
7408	**Жица од бакар:**		
	-Од рафиниран бакар:		
7408 11 00 00	**--Со максимална димензија на напречниот пресек што надминува 6 мм**	сл	kg
7408 19	**--Друга:**		
7408 19 10 00	---Со максимална димензија на напречен пресек што надминува 0,5 мм	сл	kg
7408 19 90 00	---Со максимална димензија на напречен пресек што не надминува 0,5 мм	сл	kg
	-Од легури на бакар:		
7408 21 00 00	**--Од легури на бакар-цинк (месинг)**	сл	kg
7408 22 00 00	**--Од легури на бакар-никел или на бакар-никел-цинк (ново сребро)**	сл	kg
7408 29 00 00	**--Друга**	сл	kg
7409	**Плочи, лимови и ленти, од бакар, со дебелина што надминува 0,15 мм:**		
	-Од рафиниран бакар:		
7409 11 00 00	**--Во макари**	сл	kg
7409 19 00 00	**--Друго**	сл	kg
	-Од легури на бакар-цинк (месинг):		
7409 21 00 00	**--Во макари**	сл	kg
7409 29 00 00	**--Друго**	сл	kg
	-Од легури на бакар-калај (бронза):		
7409 31 00 00	**--Во макари**	сл	kg
7409 39 00 00	**--Друго**	сл	kg
7409 40 00 00	**-Од легури на бакар-никел или на бакар-никел-цинк (никелово сребро)**	сл	kg
7409 90 00 00	**-Од други легури и бакар**	сл	kg
7410	**Бакарни фолии (вклучувајќи и печатени или со подлога од хартија, картон, пластична маса или слични материјали) со дебелина што не надминува 0,15 мм (не сметајќи ја подлогата):**		
	-Без подлога:		
7410 11 00 00	**--Од рафиниран бакар**	сл	kg
7410 12 00 00	**--Од легури на бакар**	сл	kg
	-Со подлога:		
7410 21 00 00	**--Од рафиниран бакар**	сл	kg
7410 22 00 00	**--Од легури на бакар**	сл	kg
7411	**Цевки од бакар:**		
7411 10	**-Од рафиниран бакар:**		
7411 10 10 00	**--Прави**	сл	kg
7411 10 90 00	**--Други**	сл	kg
	-Од легури на бакар:		
7411 21	**--Од легури на бакар-цинк (месинг):**		
7411 21 10 00	---Прави	сл	kg
7411 21 90 00	---Други	сл	kg
7411 22 00 00	**--Од легури на бакар-никел или на бакар-никел-цинк (никелово сребро)**	сл	kg

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав. %	Ед. мер.
1	2	3	4
7411 29 00 00	--Други	сл	kg
7412	Прибор за цевки, од бакар (на пр, спојници, колена, муфови):		
7412 10 00 00	-Од рафиниран бакар	сл	kg
7412 20 00 00	-Од легури на бакар	сл	kg
7413 00 00 00	Впредена жица, јажиња, плетени ленти и слично, од бакар, електрично неизолирани	сл	kg
[7414]			
7415	Шајки, клинци, клинчиња за цртачки табли, поединечни прошивни спојници, (освен оние од тар. број 8305) и слични производи, од бакар или железо или челик со бакарна глава; завртки, навртки, завртки со кукачка, заковки, клинови, расцепки, подлошки (вклучувајќи еластични подлошки) и слични производи, од бакар:		
7415 10 00 00	-Шајки и клинци, клинчиња за цртачки табли, поединечни прошиени спојки и слични производи	сл	kg
	-Други производи, без навој:		
7415 21 00 00	--Подлошки (вклучувајќи еластични подлошки)	сл	kg
7415 29 00 00	--Друго	сл	kg
	-Други производи, со навој:		
7415 33 00 00	--Завртки; навртки и завртки	сл	kg
7415 39 00 00	--Друго	сл	kg
[7416]			
[7417]			
7418	Трпезни, кујнски и други производи за домаќинството и нивни делови, од бакар; сунѓери за рибање садови и перничиња за рибање или полирање, нараквици и слично, од бакар; санитарни предмети и нивни делови, од бакар:		
7418 10	-Трпезни, кујнски и други производи за домаќинството и нивни делови; сунѓери за рибање садови и перничиња за рибање или полирање, нараквици и слично:		
7418 10 10 00	--Апарати за варење или греење, што се користат во домаќинството, неелектрични, и нивни делови	сл	kg
7418 10 90 00	--Друго	сл	kg
7418 20 00 00	-Санитарни предмети и нивни делови	сл	kg
7419	Други производи од бакар:		
7419 10 00 00	-Синџири и нивни делови	сл	kg
	-Други:		
7419 91 00 00	--Одливки, отпресоци и отковки, натаму необработени	сл	kg
7419 99	--Друго:		

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав. %	Ед. мер.
1	2	3	4
7419 99 10 00	---Ткаенини (вклучувајќи бесконечни ленти), решетки и мрежи од бакарна жица, со димензија на напречниот пресек што не надминува 6 мм; решетки од бакар добиени со просечување и развлекување на едно парче лим или лента	сл	kg
7419 99 30 00	---Пружини	сл	kg
7419 99 90 00	---Друго	сл	kg

ГЛАВА 75

НИКЕЛ И ПРОИЗВОДИ ОД НИКЕЛ

Забелешка:

1. Во оваа глава, под следниве поими се подразбираат:

(а) Прачки:

Валани, екструдирани, влечени или ковани производи што не се во макари и што по целата должина се со ист полн напречен пресек во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник (вклучувајќи и "плоснати кругови" и "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни). Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), триаголник или на многуаголник, можат по целата должина да имаат заоблени рабови. Дебелината на производите со правоаголен напречен пресек (вклучувајќи и "модифицирани правоаголници"), треба да надминува една десеттина од ширината. Овој поим исто така, опфаќа, леани или синтерувани производи со иста форма и димензии, кои по производството се обработувани (освен со просто отсечување или со симнување на површинскиот слој), под услов со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(б) Профили:

Валани, екструдирани, влечени, ковани или обликувани производи, во макари или не, со ист напречен просек по целата должина што не и одговараат ниту на една од дефинициите за прачки, жица, плочи, лимови, ленти, фолии или цевки. Овој поим исто така, опфаќа леани или синтерувани производи од иста форма кои по производството се обработувани (освен со просто отсечување или со симнување на површинскиот слој), под услов со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(в) Жица:

Валани, екструдирани или влечени производи, во макари, што по целата должина се со ист полн напречен пресек во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник (вклучувајќи и "плоснати кругови" и "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни). Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), триаголник или многуаголник можат по целата должина да имаат заоблени рабови. Дебелината на производите со правоаголен напречен пресек (вклучувајќи и "модифицирани правоаголници") треба да преминува една десеттина од ширината.

(г) Плочи, лимови, ленти и фолии:

Производи со рамни површини (освен суровите производи од тар. број 7502), во макари или не, со полн напречен пресек во форма на правоаголник (освен квадрат), со или без заоблени рабови (вклучувајќи и "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни), со еднаква дебелина чии површини се:

- со правоаголна форма (вклучувајќи и квадрат), а дебелината не надминува една десеттина од ширината,
- со неправоаголна или неквадратна форма со која и да е големина, под услов да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

Тар. број 7506 опфаќа, покрај другото, и плочи, лимови, ленти и фолии со шари (на пример, канали, ребра, бразди, помали испусти во форма на солзи и др.), и производи што биле

дупчени, набрани, полирани, премачкани или превлечени, под услов со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(д) Цевки:
Шупливи производи, во макари или не, со ист напречен пресек, само со една затворена шуплина по целата должина во форма на круг, овал, квадрат, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник, со еднаква дебелина на ѕидот. Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник, кои можат по целата должина да имаат заоблени рабови, исто така се сметаат како цевки под услов внатрешните и надворешните попречни пресеци да се концентрични и да имаат иста форма и правец. Цевките со споменатите попречни пресеци можат да бидат полирани, премачкани, превлечени, свиткани, со навои, дупчени, со стеснување, со проширување, конусни или снабдени со прирабници, манжетни или прстени.

Забелешки за тарифните подброеви:

1. Во оваа глава под следниве поими се подразбираат:

(а) Нелегиран никел:
Метал кој содржи најмалку 99% по маса никел и кобалт, под услов:
(*i*) содржината на кобалтот да не преминува 1,5% по маса, и
(*ii*) содржината по маса на кој и да е друг елемент да не ја преминува границата дадена во следнава табела:

ДРУГИ ЕЛЕМЕНТИ

Елементи	Граница на содржината во проценти по маса
Fe Железо	0,5
O Кислород	0,4
Други елементи, поединечно	0,3

(б) Легури на никел:
Метални материи во кои никелот по маса преовладува над секој друг елемент, под услов:
(*i*) содржината на кобалт по маса да надминува 1,5%,
(*ii*) содржината по маса, најмалку на еден од другите елементи да биде над големините дадени во горната табела,
или
(*iii*) вкупната содржина по маса, на елементите освен никел и кобалт да надминува 1%.

2. Покрај одредбите од забелешката 1 (в) кон оваа глава, во смисла на тар. подброј 7508 10 поимот "жица" се однесува само на производите, во макари или не, со било која форма на напречен пресек, кај кои ниедна димензија на напречен пресек не надминува 6 мм.

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав. %	Ед. мер.
1	2	3	4
7501	**Никелов камен-мате, синтерувани оксиди на никел и други меѓупроизводи на металургијата на никел:**		

7501 10 00 00	**-Никелов камен-мате**	сл	kg
7501 20 00 00	**-Синтерувани оксиди на никел и други меѓупроизводи на металургијата на никел**	сл	kg
7502	**Никел, суров:**		
7502 10 00 00	**-Никел, нелегиран**	сл	kg
7502 20 00 00	**-Легури на никел**	сл	kg
7503 00	**Отпадоци и остатоци, од никел:**		
7503 00 10 00	-Од никел, нелегиран	сл	kg
7503 00 90 00	-Од легиран никел	сл	kg
7504 00 00 00	**Прав и лушпи, од никел**	сл	kg
7505	**Прачки, профили и жица, од никел:**		
	-Прачки и профили:		
7505 11 00 00	**--Од нелегиран никел**	сл	kg
7505 12 00 00	**--Од легури на никел**	сл	kg
	-Жица:		
7505 21 00 00	**--Од нелегиран никел**	сл	kg
7505 22 00 00	**--Од легури на никел**	сл	kg
7506	**Плочи, лимови, ленти и фолии, од никел:**		
7506 10 00 00	**-Од нелегиран никел**	сл	kg
7506 20 00 00	**-Од легури на никел**	сл	kg
7507	**Цевки и прибор за цевки (на пример, спојници, колена, муфови), од никел:**		
	-Цевки:		
7507 11 00 00	**--Од нелегиран никел**	сл	kg
7507 12 00 00	**--Од легури на никел**	сл	kg
7507 20 00 00	**-Прибор за цевки**	сл	kg
7508	**Други производи од никел:**		
7508 10 00 00	**-Ткаенини, решетки и мрежи, од никлувана жица**	сл	kg
7508 90 00 00	**-Друго**	сл	kg

ГЛАВА 76
АЛУМИНИУМ И ПРОИЗВОДИ ОД АЛУМИНИУМ

Забелешка:

1. Во оваа глава под следниве поими се подразбираат:

(а) Прачки:
Валани, екструдирани, влечени или ковани производи, кои не се во форма на макари, и што по целата должина се со ист полн напречен пресек во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник (вклучувајќи и "плоснати кругови" и "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни). Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), триаголник или на многуаголник можат по целата должина да имаат заоблени рабови. Дебелината на производите со правоаголен напречен пресек (вклучувајќи и "модифицирани правоаголници") треба да преминува една десеттина од ширината. Овој поим исто така опфаќа леани или синтерувани производи, со иста форма и димензии, кои по производството се обработувани (освен со просто отсечување или со симнување на површинскиот слој), под услов со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(б) Профили:
Валани, екструдирани, влечени, ковани или обликувани производи, во макари или не, со ист напречен пресек по целата должина, што не и одговараат ниту на една од дефинициите за прачки, жица, плочи, лимови, ленти, фолии или цевки. Овој поим, исто така, опфаќа леани или синтерувани производи со иста форма, кои по производство се обработувани (освен со просто отсечување или со симнување на површинскиот слој), под услов со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(в) Жица:
Валани, екструдирани или влечени производи, во макари што по целата должина се со ист полн напречен пресек во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник (вклучувајќи, и "плоснати кругови" и "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни). Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), триаголник или на многуаголник можат по целата должина да имаат заоблени рабови. Дебелината на производите со правоаголен напречен пресек (вклучувајќи и "модифицирани правоаголници") треба да преминува една десеттина од ширината.

(г) Плочи, лимови, ленти и фолии:
Производи со рамни површини (освен суровите производи од тар. број 7601), во макари или не, со полн напречен пресек во форма на правоаголник (освен квадрат), со или без заоблени рабови (вклучувајќи "модифицирани правоаголници" кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави со еднаква должина и паралелни), со еднаква дебелина, чиишто површини се:

- со правоаголна форма (вклучувајќи и квадрат), а дебелината не преминува една десеттина од ширината,
- со неправоаголна или неквадратна форма со која и да е големина, под услов да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

Тар. броеви 7606 и 7607 опфаќаат покрај другото и плочи, лимови, ленти и фолии со шари (на пример, канали, ребра, бразди, помали испусти во форма на солзи и др.), и производи што биле дупчени, набрани, полирани, премачкани или превлечени, под услов со тоа да не добиваат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(д) Цевки:
Шупливи производи, во макари или не, со ист напречен пресек, само со една затворена шуплина по целата должина во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник и со еднаква дебелина на ѕидот. Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник, кои можат по целата должина да имаат заоблени рабови по целата должина исто така се сметаат како цевки, под услов внатрешните и надворешните попречни пресеци да се концентрични и да имаат иста форма и правец. Цевките со споменатите попречни пресеци можат да бидат полирани, премачкани, превлечени, свиткани, со навои, дупчени, со стеснување, со проширување, конусни или снабдени со прирабници, манжетни или прстени.

Забелешки за тарифните подброеви:

1. Во оваа глава под следниве поими се подразбираат:

(а) Нелегиран алуминиум:
Метал кој содржи алуминиум со чистота по маса од најмалку 99%, под услов содржината по маса на кој и да е друг елемент да не ги преминува границите во следнава табела:

ДРУГИ ЕЛЕМЕНТИ

Елементи	Граници на содржината во проценти по маса
Fe + *Si* (Железо + Силициум)	1
Други елементи (*), поединечно	0,1 (**)
(*) Други елементи се, на пример, *Cr, Cu, Mg, Mn, Ni, Zn*.	
(**) Содржината на бакар е дозволена од 0,1% до 0,2% под услов содржината ни на хромот ни на манганот да не надмине 0,05%.	

б) Легури на алуминиум:
Метални материи во кои алуминиумот по маса преовладува над секој друг елемент, под услов:
(i) содржината по маса најмалку на еден од тие други елементи, или на железото и силициумот земени заедно да е над големината од дадената табела;
или
(ii) вкупната содржина по маса на тие други елементи да надминува 1%.

2. Покрај одредбите од забелешката 1(в) кон оваа Глава, во смисла на тар. подброј 7616 91 поимот "жица" се однесува само на производите, во макари или не, со било која форма на напречен пресек, кај кои ниедна димензија на напречен пресек не преоѓа 6 мм.

Дополнителна забелешка

1. Во смисол на тарифната ознака 7601 20 20 00, под следниве поими се подразбираат:
– „плочи" (слабови): необработени производи кои по целата должина се со ист полн напречен пресек во форма на правоаголник или друг многуаголник, со ширина што надминува 800 мм, дебелина што надминува 280 мм и должина секогаш поголема од ширината и дебелината. Овие производи се наменети за валање;

– „трупци": необработени производи кои по целата должина се со ист полн напречен пресек во форма на круг (вклучувајќи и плоснат круг), со дијаметар што надминува 125 мм. Овие производи се наменети за екструдирање.

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав. %	Ед. мер.
1	2	3	4
7601	**Алуминиум, суров:**		
7601 10 00 00	**-Алуминиум, нелегиран**	сл	kg
7601 20	**-Легури на алуминиум:**		
7601 20 20 00	--Плочи и трупци	сл	kg
7601 20 80 00	--Други	сл	kg
7602 00	**Отпадоци и остатоци, од алуминиум:**		
	-Отпадоци:		
7602 00 11 00	--Струготини, резанки, деланки, отпадоци од полирање, пилевина, отпадок од турпиење; отпадоци од обоени превлечени или слепени лимови и фолија со дебелина што не надминува 0,2 мм (исклучувајќи ја подлогата)	сл	kg
7602 00 19 00	--Друго (вклучувајќи и од процес на производство)	сл	kg
7602 00 90 00	-Остатоци	сл	kg
7603	**Прав и лушпи, од алуминиум:**		
7603 10 00 00	**-Прав со неламеларна структура**	сл	kg
7603 20 00 00	**-Прав со ламеларна структура; лушпи**	сл	kg
7604	**Прачки и профили, од алуминиум:**		
7604 10	**-Од нелегиран алуминиум:**		
7604 10 10 00	--Прачки	15	kg
7604 10 90 00	--Профили	15	kg
	-Од легури на алуминиум:		
7604 21 00 00	**--Шупливи профили**	15	kg
7604 29	**--Друго:**		
7604 29 10 00	---Прачки	7	kg
7604 29 90 00	---Профили	7	kg
7605	**Жица од алуминиум:**		
	-Од нелегиран алуминиум:		
7605 11 00 00	**--Со максимална димензија на напречниот пресек што надминува 7мм**	сл	kg
7605 19 00 00	**--Друга**	сл	kg
	-Од легури на алуминиум:		
7605 21 00 00	**--Со максимална димензија на напречниот пресек што надминува 7 мм**	сл	kg
7605 29 00 00	**--Друга**	сл	kg
7606	**Плочи, лимови и ленти, од алуминиум, со дебелина што надминува 0,2 мм:**		
	-Правоаголни (вклучувајќи квадратни):		
7606 11	**--Од нелегиран алуминиум:**		
7606 11 10 00	---Боени, лакирани или превлечени со пластични маси	сл	kg
	---Други, со дебелина:		
7606 11 91 00	----Помала од 3 мм	сл	kg

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав. %	Ед. мер.
1	2	3	4
7606 11 93 00	----Не помала од 3 мм но помала од 6 мм	сл	kg
7606 11 99 00	----Не помала од 6 мм	сл	kg
7606 12	**--Од легури на алуминиум:**		
7606 12 20 00	---Боени, лакирани или превлечени со пластични маси	сл	kg
	---Други, со дебелина:		
7606 12 92 00	----Помала од 3 мм	сл	kg
7606 12 93 00	----Не помала од 3 мм но помала од 6 мм	сл	kg
7606 12 99 00	----Не помала од 6 мм	сл	kg
	-Други:		
7606 91 00 00	**--Од нелегиран алуминиум**	сл	kg
7606 92 00 00	**--Од легури на алуминиум**	сл	kg
7607	**Алуминиумски фолии (вклучувајќи и печатени или со подлога од хартија, картон, пластична маса или од слични материјали) со дебелина што не надминува 0,2 мм (несметајќи ја подлогата):**		
	-Без подлога:		
7607 11	**--Валани, но понатаму необработени:**		
	---Со дебелина помала од 0,021 мм :		
7607 11 11 00	----Во котури со маса што не надминува 10 кг	сл	kg
7607 11 19 00	----Други	сл	kg
7607 11 90 00	---Со дебелина не помала од 0,021 мм но не поголема од 0,2 мм	сл	kg
7607 19	**--Други:**		
7607 19 10 00	---Со дебелина помала од 0,021 мм	сл	kg
7607 19 90 00	---Со дебелина не помала од 0,021 мм но не поголема од 0,2 мм	сл	kg
7607 20	**-Со подлога:**		
7607 20 10 00	--Со дебелина (исклучувајќи било каква подлога) помала од 0,021 мм	сл	kg
7607 20 90 00	--Со дебелина (исклучувајќи било каква подлога) не помала од 0,021 мм но не поголема од 0,2 мм	сл	kg
7608	**Цевки од алуминиум:**		
7608 10 00 00	**-Од нелегиран алуминиум**	8	kg
7608 20	**-Од легури на алуминиум:**		
7608 20 20 00	--Заварени	8	kg
	--Друго:		
7608 20 81 00	---Само екструдирани	8	kg
7608 20 89 00	---Други	8	kg
7609 00 00 00	**Прибор за цевки, од алуминиум (на пример, спојници, колена, муфови)**	8	kg
7610	**Конструкции од алуминиум (освен монтажните згради од тар. број 9406) и делови на конструкции (на пример, мостови и секции на мостови, кули, решеткасти столбови, покриви, покривни костури, врати и прозорци и рамки за нив, прагови за врати, огради и столбови); лимови, прачки, профили, цевки и слично, од алуминиум, подготвени за употреба во конструкции:**		
7610 10 00 00	**-Врати, прозорци и рамки за нив и прагови за врати**	20	p/st([6])
7610 90	**-Друго:**		

[6]([6])Врата или прозор со или без нивната рамка или праг се смета како едно парче

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав. %	Ед. мер.
1	2	3	4
7610 90 10 00	--Мостови и делови на мостови, кули и решеткасти столбови	15	kg
7610 90 90 00	--Друго	15	kg
7611 00 00 00	**Резервоари, цистерни, бочви и слични контејнери, од алуминиум, за кој и да е материјал (освен за компримирани или течни гасови), со зафатнина што надминува 300 л, со или без облога или топлотна изолација, но неопремени со механички или термички уреди**	сл	kg
7612	**Алуминиумски буриња, барабани, конзерви, кутии и слични контејнери (вклучувајќи и крути или свитливи и цевчести контејнери), за кој и да е материјал (освен за компримирани или течни гасови), со зафатнина што не преминува 300 л, со или без облога или топлотна изолација, но неопремени со механички или термички уреди:**		
7612 10 00 00	**-Свитливи цевчести контејнери (туби)**	сл	kg
7612 90	**-Друго:**		
7612 90 20 00	--Контејнери за аеросоли	сл	p/st
7612 90 30 00	--Произведени од фолија со дебелина која не надминува 0,2 мм	сл	kg
7612 90 80 00	--Други	сл	kg
7613 00 00 00	**Контејнери од алуминиум за компримирани или течни гасови**	сл	kg
7614	**Впредена жица, јажиња, плетени ленти и слично, од алуминиум, електрично неизолирани:**		
7614 10 00 00	**-Со челично јадро**	сл	kg
7614 90 00 00	**-Друго**	сл	kg
7615	**Трпезни, кујнски или други производи за домаќинство и нивни делови, од алуминиум; сунѓери за рибање садови и перничиња за рибање или полирање, нараквици, и слично, од алуминиум; санитарни предмети и нивни делови, од алуминиум:**		
7615 10	**-Трпезни, кујнски и други производи за домаќинството и нивни делови; сунѓери за рибање садови и перничиња за рибање или полирање, нараквици и слично:**		
7615 10 10 00	--Лиено	сл	kg
7615 10 30 00	--Произведени од фолија со дебелина која не надминува 0,2 мм	сл	kg
7615 10 80 00	--Друго	сл	kg
7615 20 00 00	**-Санитарни предмети и нивни делови**	сл	kg
7616	**Други производи од алуминиум:**		
7616 10 00 00	**-Бруќе, клинци, жичени спојници (освен оние од тар. број 8305), завртки, навртки, завртки со кукачка, заковани клинови, расцепки, подлошки и слични производи**	сл	kg
	-Друго:		
7616 91 00 00	--Ткаенини, решетки, мрежи и огради од алуминиумска жица	сл	kg
7616 99	**--Друго:**		
7616 99 10 00	---Леано	сл	kg

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав. %	Ед. мер.
1	2	3	4
7616 99 90 00	---Друго	сл	kg

ГЛАВА 78

ОЛОВО И ПРОИЗВОДИ ОД ОЛОВО

Забелешка:

1. Во оваа глава под следниве поими се подразбираат:

(а) Прачки:

Валани, екструдирани, влечени или ковани производи што не се во макари и што по целата должина се со ист полн напречен пресек во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник (вклучувајќи и "плоснати кругови" и "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави со еднаква должина и паралелни). Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат) можат по целата должина да имаат заоблени рабови. Дебелината на производите со правоаголен напречен пресек (вклучувајќи и "модифицирани правоаголници") треба да надминува една десеттина од ширината. Овој поим исто така, опфаќа леани или синтерувани производи, со иста форма и димензии, кои по производството се обработувани (освен со просто отсечување или со симнување на површинскиот слој), под услов со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(б) Профили:

Валани, екструдирани, влечени, ковани или обликувани производи, во макари или не, со ист напречен пресек по целата должина, што не и одговараат на една од дефинициите за прачки, жица, плочи, лимови, ленти, фолии или цевки. Овој поим исто така опфаќа леани или синтерувани производи, со иста форма, кои по производството се дополнително обработувани (освен со просто отсечување или со симнување на површинскиот слој), под услов со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(в) Жица:

Валани, екструдирани или влечени производи, во макари, што по целата должина се со ист полн напречен пресек во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник (вклучувајќи и "плоснати кругови" и "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни). Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), триаголник или на многуаголник можат по целата должина да имаат заоблени рабови. Дебелината на производите што имаат правоаголен напречен пресек (вклучувајќи и "модифицирани правоаголници") треба да преминува една десеттина од ширината.

(г) Плочи, лимови, ленти и фолии:

Производи со рамни површини (освен суровите производи од тар. број 7801), во макари или не, со полн напречен пресек во форма на правоаголник (освен квадрат), со или без заоблени рабови (вклучувајќи "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни), со еднаква дебелина, чиишто површини се:

- со правоаголна форма (вклучувајќи и квадрат), а дебелината не преминува една десеттина од ширината,
- со неправоаголна или неквадратна форма, со која и да е големина, под услов да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

Тар. број 7804 опфаќа покрај другото, и плочи, лимови, ленти и фолии со шари (на пример, канали, ребра, бразди, помали испусти во форма на солзи и др.) и производи што биле дупчени, набрани, полирани и премачкани или превлечени, под услов со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(д) Цевки:

Шупливи производи, во макари или не, со ист напречен пресек само со една затворена шуплина по целата должина во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник и со еднаква дебелина на ѕидот. Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник, кои можат да по целата должина да имаат заоблени рабови, исто така се сметаат како цевки, под услов внатрешните и надворешните попречни пресеци да се концентрични и да имаат иста форма и правец. Цевките со споменатите попречни пресеци можат да бидат полирани, превлечени, свиткани, со навои, дупчени, со прирабници, манжетни или прстени.

Забелешка за тарифниот подброј:

1. Во оваа глава под поимот "рафинирано олово" се подразбира:

   Метал со чистота по маса од најмалку 99,9% олово, под услов содржината по маса на кој и да е друг елемент да не ги преминува границите дадени во следнава табела:

ДРУГИ ЕЛЕМЕНТИ

Елементи		Граници на содржината во проценти по маса
Ag	Сребро	0,02
As	Арсен	0,005
Bi	Бизмут	0,05
Ca	Клциум	0,002
Cd	Кадмиум	0,002
Cu	Бакар	0,08
Fe	Железо	0,002

S	Сулфур	0,002
Sb	Антимон	0,005
Sn	Калај	0,005
Zn	Цинк	0,002
Други (на пример *Te*-телур), поединечно		0,001

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав. %	Ед. мер.
1	2	3	4
7801	**Сурово олово:**		
7801 10 00 00	**-Рафинирано олово**	10	kg
	-Друго:		
7801 91 00 00	**--Со содржина по маса на антимон што преовладува над другите елементи**	10	kg
7801 99	**--Друго:**		
7801 99 10 00	---За рафинирање,со содржина 0,02% по маса или повеќе сребро ([1])	10	kg
7801 99 90 00	---Друго	10	kg
7802 00 00 00	**Отпадоци и остатоци, од олово**	сл	kg
[7803]			
7804	**Плочи, лимови, ленти и фолии, од олово; прав и лушпи од олово:**		
	-Плочи, лимови, ленти и фолии:		
7804 11 00 00	**--Лимови, ленти и фолии со дебелина што не надминува 0,2 мм (несметајќи каква и да е подлога)**	сл	kg
7804 19 00 00	**--Друго**	сл	kg
7804 20 00 00	**-Прав и лушпи**	сл	kg
[7805]			
7806 00	**Други производи од олово:**		
7806 00 10 00	-Контејнери со антирадиоактивна облога од олово, за транспорт и сместување на радиоактивни материи (Еуратом)	сл	kg
	-Друго:		
7806 00 80 10	--Прачки, профили и жица	10	kg
7806 00 80 90	--Друго	сл	kg

[1] (1)Стока внесена под овој тарифен подброј е во зависност од условите пропишани со определени прописи (види член 207 до 215 од Уредбата за спроведување на царинскски закон (Службен весник на Република Македонија број 66/2005) и нејзините дополнителни измени).

ГЛАВА 79

ЦИНК И ПРОИЗВОДИ ОД ЦИНК

Забелешка:

1. Во оваа глава под следниве поими се подразбираат:

(а) Прачки:
Валани, екструдирани, влечени или ковани производи, што не се во макари и што по целата должина се со ист напречен пресек во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник (вклучувајќи и "плоснати кругови" и "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни). Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), триаголник или на многуаголник можат по целата должина да имаат заоблени рабови. Дебелината на производите со правоаголен напречен пресек (вклучувајќи и "модифицирани правоаголници") треба да надминува една десеттина од ширината. Овој поим исто така опфаќа леани и синтерувани производи, со иста форма и димензии, кои по производството се обработувани (освен со просто отсечување или со симнување на површинскиот слој), под услов со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(б) Профили:
Валани, екструдирани, влечени, ковани или обликувани производи, во макари или не, со ист напречен пресек по целата должина што не и одговараат ниту на една од дефинициите за прачки, жица, плочи, лимови, ленти, фолии или цевки. Овој поим исто така опфаќа леани или синтерувани производи, со иста форма, кои по производството се обработувани (освен со просто отсечување или со симнување на површинскиот слој), под услов со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(в) Жица:
Валани, екструдирани или влечени производи, во макари, што по целата должина се со ист полн напречен пресек во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или правилен конвексен многуаголник (вклучувајќи "плоснати кругови", и "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни). Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), триаголник или на многуаголник можат по целата должина да имаат заоблени рабови. Дебелината на

производите со правоаголен напречен пресек (вклучувајќи и "модифицирани правоаголници") треба да надминува една десеттина од ширината.

(г) Плочи, лимови, ленти и фолии:

Производи со рамни површини (освен суровите производи од тар. број 7901), во макари или не, со полн напречен пресек во форма на правоаголник (освен квадрат) со или без заоблени рабови (вклучувајќи и "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни), со еднаква дебелина, чиишто површини се:

- со правоаголна форма (вклучувајќи и квадрат), а дебелината не надминува една десеттина од ширината,
- со неправоаголна или неквадратна форма, со која и да е големина, под услов да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

Тар. број 7905 опфаќа, покрај другото, и плочи, лимови, ленти и фолии со шари (на пример, канали, ребра, бразди, помали испусти во форма на солзи и др.) и производи што биле дупчени, набрани, полирани премачкани или превлечени, под услов со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(д) Цевки:

Шупливи производи, во макари или не, со ист напречен пресек само со една затворена шуплина по целата должина во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник, и со еднаква дебелина на ѕидот. Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на правилен конвексен многуаголник, кои можат по целата должина да имаат заоблени рабови, исто така се сметаат како цевки, под услов внатрешните и надворешните попречни пресеци да се концентрични и да имаат иста форма и правец. Цевките со споменатите попречни пресеци можат да бидат полирани, превлечени, свиткани со навои, дупчени, со стеснување, со проширување, конусни или снабдени со прирабници, манжетни или прстени.

Забелешка за тарифните подброеви:

1. Во оваа глава под следниве поими се подразбираат:

(а) Нелегиран цинк:

Метал со содржина на цинк по маса од најмалку 97,5%.

(б) Легури од цинк:

Метални материи во кои цинкот по маса преовладува над секој друг елемент, под услов вкупната содржина по маса на тие други елементи да надминува 2,5%.

(в) Прашина од цинк:

Прашина добиена од кондензација на цинкови пари, што се состои од сферни честици поситни од цинков прав. Најмалку 80% од честичките по маса треба да поминуваат низ сито со отвори од 63 микрометри (микрони). Прашината мора да содржи барем 85% метален цинк по маса.

Тар. ознака	Наименување	Цар.дав. %	Ед. мер.
1	2	3	4
7901	**Цинк, суров:**		
	-Цинк, нелегиран:		
7901 11 00 00	**--Со содржина по маса од 99,99% или повеќе на цинк**	сл	kg
7901 12	**--Со содржина по маса помала од 99,99% цинк:**		
7901 12 10 00	---Што по маса содржат 99,95% или повеќе но помалку од 99,99% на цинк	сл	kg
7901 12 30 00	---Што по маса содржат 98,5% или повеќе но помалку од 99,95% на цинк	сл	kg

7901 12 90 00	---Што по маса содржат 97,5% или повеќе но помалку од 98,5% на цинк	сл	kg
7901 20 00 00	-**Легури на цинк**	сл	kg
7902 00 00 00	**Отпадоци и остатоци, од цинк**	сл	kg
7903	**Прашина, прав и лушпи, од цинк:**		
7903 10 00 00	-**Прашина од цинк**	сл	kg
7903 90 00 00	-**Друго**	сл	kg
7904 00 00 00	**Прачки, профили и жица, од цинк**	сл	kg
7905 00 00 00	**Плочи, лимови, ленти и фолии, од цинк**	сл	kg
[7906]			
7907 00 00 00	**Други производи од цинк**	сл	kg

ГЛАВА 80

КАЛАЈ И ПРОИЗВОДИ ОД КАЛАЈ

Забелешка:

1. Во оваа глава под следниве поими се подразбираат:

(а) Прачки:

Валани, екструдирани, влечени или ковани производи, што не се во макари, и што по целата должина се со ист полн напречен пресек во форма на круг, овал, правоаголник (вклучувајќи и квадрат), рамностран триаголник или на конвексен многуаголник (вклучувајќи и "плоснати кругови" и "модифицирани правоаголници", кај кои двете спротивни страни се конвексни лакови, а другите две страни се прави, со еднаква должина и паралелни). Производите со напречен пресек во форма на правоаголник (вклучувајќи и квадрат), триаголник или на многуаголник можат по целата должина да имаат заоблени рабови. Дебелината на производите со правоаголен напречен пресек (вклучувајќи и "модифицирани правоаголници") треба да надминува една десеттина од ширината. Овој поим исто така опфаќа леани или синтерувани производи со иста форма и димензии, кои по производството се обработувани (освен со просто отсечување или со симнување на површинскиот слој), под услов со тоа да не добијат карактер на производи што се распоредуваат во други тарифни броеви.

(б) Профили:

